Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-954/2
25 03 20 25 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-3127 од 29.11.2024 год и 09-954 од 2025 год. за одобрување на Проектна програма за УП вон опфат, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 1684 до постоен столб на КП 1136 во КО Катланово, Општина Петровец.** иницирана од Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ Охрид, поднесе барање за одобрување на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 1684 до постоен столб на КП 1136 во КО Катланово , Општина Петровец,** со технички број 56/24 од 11. 2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Услови за планирање на просторот со тех бр. Y1

3. Решение за услови за планирање на просторот

4. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

5. Полномошно од инвеститор

6. Имотни листови

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-59/1 од 10.01.2025 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма за изработка на Урбанистичкиот проект со тех.бр. 56/24 може да се одобри. Истото го потврди со предлог за одобрување - мислење од комисија со бр. Бр 09-954/1 од 14.03.2025 год. Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам

констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**